Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 363, 1 април 2025 година

април 2025 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОШКО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **9**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОШКО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1702-252/11 од 69. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 24.12.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Благица Донева, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- проф. д-р Радмила Каранакова-Стефановска, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ТЕХНОЛОШКО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ" од авторите проф. д-р Александар Крстев и доц. д-р Дејан Крстев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Технолошко-економски развој" припаѓа во научната област индустриско инженерство и менаџмент (2.11.02.01) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Технолошко-економски развој" (скрипта) е наменет за задолжителниот предмет Технолошко-економски развој за студентите од прва година, втор семестар, на студиската програма Индустриска логистика, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за природни и технички науки при УГД во Штип. Скриптата е во целост усогласена со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Индустриска логистика – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за природни и технички науки.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Технолошко-економски развој" (скрипта) е напишан на македонски јазик, содржи 135 страници во А4 формат, со проред 1 и со големина на букви arial 11, поделен во 18 тематски целини. Ракописот содржи 20 слики и 10 табели. Користени се 20 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Технолошко-економски развој на ФПТН при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Од содржински и структуролошки аспект, покрај Предговорот, ракописот содржи осумнаесет поглавја со повеќе потпоглавја и користена литература.

Во првиот дел се опишани странските директни инвестиции како клучен дел на процесот на глобализацијата. Глобализацијата, генерално, е универзален процес или сет од процеси што генерираат меѓуповрзаност и меѓузависност на државите и општествата, поврзувајќи ги во модерен светски систем, што опфаќа цел спектар на економски, еколошки и општествени меѓузависности. Објаснети се теоретските аспекти на процесот на глобализацијата, предностите и негативните страни на глобализацијата, значењето на меѓународниот бизнис за економиите во развој, како и стратегиите и политики за привлекување СДИ.

Во второто поглавје се дадени странските директни инвестиции како фактор за развој во современите економии. Прикажани се улогата на странски директни инвестиции во современите економии, видовите на странски директни инвестиции и нивното значење за економскиот раст и развој на земјите, потоа се прикажани некои социолошки аспекти на странскиот капитал во функција на технолошкиот развој, странските вложувања и стратешкиот инвеститор како значајни фактори за техничко- технолошкиот развој и подобрување на конкурентноста на домашните компании и центрите за технолошки развој.

Третата глава го прикажува технолошки менаџмент и маркетинг во функција на развој. Современиот технолошки менаџмент и маркетинг ги апсолвира најсовремените форми на трансфер на технологија, како предуслов за конкурентно способни економски субјекти и утврдува деловна политика која ги почитува потребите и можностите за одреден вид на трансфер на технологија.

Четвртиот дел ги опишува изворите на финансирање на технолошкиот развој и местото на технологијата. Заради поддршка на развојот на нови и усовршување на постојните производи, државата со сопствени средства треба да ги субвенционира развојот и усовршувањето. Тоа подразбира приспособување на сопствената организација на органите на управата во насока на поддршка на развојот на домашното производство, обезбедување на наменски средства од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа и од претпријатијата, непосредна поддршка на развојот на новите производи со финансиски средства, со простор, опрема, инструменти, технички и технолошки информации итн.

Петтото поглавје ги прикажува историските етапи на економски раст на земјите во развој. Објаснето е како започнале да се развиваат земјите кои се уште се во развој и нивните етапи или фази за развивање. Невозможно е да се разгледува економскиот развој на земјите во развој во денешно време без да се земат предвид меѓусебните врски помеѓу овие економии и економиите на развиените земји. Секоја земја поминува во различна фаза на развој, затоа

постојат повеќе фази кои ќе ги објаснам, како и што е The wild greese-flying моделот, кој го објаснува процесот на развој на земјите во развој проследен низ фазите на хетерегонизација и хомогенизација на економиите на земјите во развој со економиите на развиените земји. Како и преземените мерки за развој на земјите во развој и нивните недостатоци.

Во шестата глава е претставен технолошкиот трансфер и економскиот развој на земјите во развој. Основни цели на трансферот на технологии се: зголемена конкурентност, воведување на нови напредни технологии со високи еколошки стандарди, подобрување на социо-економското опкружување, креирање на нови бизнис модели, подобрување на инфраструктурата и на образованието. За реализација на овие цели, неопходна е технолошка соработка на национално и меѓународно ниво, односно формирање на технолошка мрежа во која ќе учествуваат: академските институции, развојните научни институти, државните институции заради обезбедување соодветна регулаторна клима, како и производствените компании кои треба да ги имплементираат технологиите.

Седмото поглавје ги опишува факторите и стратегиите за економски развој на земјите во развој. Еден од најважните фактори за една национална економија да бележи висока стапка на економски раст е капиталот. Капиталот се дефинира како резерва од репродукционите физички фактори на производство. Сепак, во економската литература освен физичкиот капитал има и други типови на капитал, коишто се доста значајни за обезбедување на економски раст во земјата. Дел од факторите за економски развој се: човечкиот капитал кој го означува потребата од човечки квалификации за произведување на економска вредност и сега доста популарен социјалниот капитал. Физичкиот и човечкиот капитал се насочени кон зголемување на продуктивноста и зголемување на доходот по глава на жител.

Осмиот дел ја дава политиката на структурни приспособувања. Структурните приспособувања се централна компонента на политиката на економски реформи коишто најчесто се наменети за економиите на земјите во развој. Основното обележје на политиката на структурни приспособувања е сознанието дека не се можни економски реформи без претходно применети политички реформи. Промените на концептите на структурни приспособувања на економски план непосредно се поврзани со промените во политичките концепти.

Во деветтата глава е прикажана глобализација и економскиот развој на земјите во развој. Глобализацијата подразбира не само значително интензивирање на глобалното поврзување, туку и свест за тоа интензивирање со придружно намалување во однос на значењето на територијалната организација. Глобализацијата се наметнува од неколку фактори, меѓу кои најзначајниот е технолошката промена која ги вклучува информациските и комуникациските технологии кои ги стеснуваат времето и просторот, како и пренесувањето на добрата и услугите. Глобалниот процес е нееднаков и во интензитет и во географски опсег и во неговата домашна и меѓународна димензија. Па оттука, значајно е да се направи разлика помеѓу квалитативната и квантитативната димензија на глобализацијата т.е. квантитативна промена или квалитативните поместувања.

Десеттиот дел ги објаснува ефектите на глобализацијата врз земјите во развој, како што се ефектот на дистрибуција и ефектот на вработување. Трендот на станување на земјите во развој дел од меѓународната трговија и светскиот пазар може да влијае врз распределбата на ресурсите во рамките на овие земји, а воедно може и да генерира значителен дистрибутивен ефект.

Пазарот на трудот е еден од главните канали преку кои глобализацијата може да влијае на економскиот развој на земјите во развој. Секоја земја во развој за да стане поконкурентна на глобализираниот пазар, како што и претходно е наведено, ќе треба: да ги укине бариерите во трговијата, да ги укине своите законски монополи, да ги приватизира своите државни претпријатија и да ја намали превработеноста во јавниот сектор. Вака преземените реформи требало да доведат до зголемен економски развој на земјите во развој.

Единаесеттото поглавје е посветено на капиталот и економскиот развој на земјите во развој. Економската политика опфаќа сложени прашања за одржување на општата рамнотежа и стимулирање на економскиот раст. Во современи услови на процесот на глобализација, кој се означува како носител на економскиот раст, не е можно една национална економија да се чува изолирано од светските движења. За да се постигне ваков развој, тој мора да биде следен од соодветни мерки на економска политика. Тоа подразбира унапредување на конкурентскиот амбиент на конкретната национална економија, како и стабилни макроекономски услови на стопанисување и либерализација на трговијата. На тој начин се создава поволна клима за ефикасно функционирање на економијата и вкупен економски развој.

Дванаесеттата глава ја објаснува улогата на меѓународната заедница за подобрување на глобалниот свет. Со цел да се развијат поголем број на економско-финансиски трговски врски на меѓународно ниво во повоениот период е конструирана мрежа на меѓународни институции со економска функција. Овие меѓународни институции имале за цел да ги зајакнат меѓународните економски односи помеѓу земјите преку изнаоѓање на нови форми на финансирање на развојот и јакнење на меѓународните трговски врски. Такви институции се Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Светската трговска организација.

Тринаесеттиот дел ги прикажува позитивните и негативните страни на глобализацијата за економскиот развој на земјите во развој. Иако за позитивните страни на глобализацијата врз економскиот развој на земјите во развој има разединети ставови од страна на економските аналитичари, сепак глобалниот тренд овозможил голем број на бенефиции за подобрување на економскиот развој на земјите во развој. Такви придобивки се зголемената факторска продуктивност која придонела за намалување на невработеноста, либерализацијата на трговијата ги зголемила можностите за пласман на производите коишто доаѓаат од земјите во развој на поголем број извозни пазари, како и подобрата технологија и полесниот пристап до информациите.

Покрај позитивните страни на глобализацијата за економскиот развој на земјите во развој, овој процес има и голем број на негативни страни. Првата негативна страна од влијанието на глобализацијата е продлабочување на јазот помеѓу Северот и Југот т.е. земјите во развој и развиените земји.

Во четиринаесеттото поглавје е прикажан осврт на стратегијата на структурни приспособувања. Стратегискиот маркетинг нуди насока, т.е. стратегија за извојување на победа, односно конкурентска предност на претпријатието на конкурентското поле. Стратегискиот менаџмент го обезбедува целокупното раководство на претпријатието и е тесно поврзана со полето на студиите за организација. Стратегиски менаџмент не го вклучува само менаџерскиот тим, туку исто така може да ги вклучува и одборот на директори и други акционери на организацијата. Тоа зависи од организациската структура.

Петнаесеттата глава го објаснува стратегискиот маркетинг во ерата на глобализација. Развивањето на конкурентска предност во глобалното стопанство непосредно е поврзано со националната конкурентска предност. Под национална конкурентска предност се подразбира способноста на одредена земја (држава) да произведува и дистрибуира добра и услуги на меѓународниот пазар, во конкуренцијата со производите и услугите на други земји. Притоа, таквата конкурентска предност треба да доведе до зголемување на доходот по глава на жител, а со тоа и животниот стандард на населението.

Во шеснаесеттиот дел се дава идниот економски развој на земјите во развој. Дадени се капиталот како фактор за економскиот развој на земјите во развој, потоа населението и економскиот развој на земјите во развој, природните ресурси и економскиот развој на земјите во развој и технолошкиот трансфер и економскиот развој на земјите во развој.

Седумнаесеттото поглавје ги прикажува стратегиите за економски развој на земјите во развој. Структурните приспособувања се централна компонента на политиката на економски реформи коишто најчесто се наменети за економиите на земјите во развој. Основното обележје на политиката на структурни приспособувања е сознанието дека не се можни економски реформи без претходно применети политички реформи. Промените на концептите на структурни приспособувања на економски план непосредно се поврзани со промените во политичките концепти.

Последниот, осумнаесетти дел, е посветен на идните предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Северна Македонија. Прашањето за долгорочниот економски раст и развој има висока релевантност за секоја економија, бидејќи ако земјата остварува високи и одржливи стапки на економски раст, се подобруваат сите нејзини економски и социјални перформанси. Фактички, од динамиката и од квалитетот на растот, во крајна линија, зависи благосостојбата на граѓаните на земјата.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „Технолошко-економски развој“ (скрипта) од авторите проф. д-р Александар Крстев и доц. д-р Дејан Крстев е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма Индустриска логистика на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, а наменет за предметот Технолошко-економски развој од втор семестар, со фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС.

Ракописот е од несомнено значење за изучување на проблематиката поврзана со карактеристиките на современиот технолошки развој, основни домени на технолошките промени и нивните економски ефекти, како и глобализацијата на светската економија и носителите на технолошките и економските промени во време на глобализацијата.

Врз основа база на сето погоре кажано, а врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебни помагала, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Технолошко-економски развој" (скрипта) од авторите проф. д-р Александар Крстев и доц. д-р Дејан Крстев да го прифати за објавување во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Благица Донева, с.р.
Проф. д-р Радмила Каранакова-Стефановска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| Билтен 1. 4. 2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 1. Вештината на менаџерите во тимското водство, комуникацијата и формирањето на позитивна организациска култура како основен предуслов за ефикасно и успешно работење | 2102-57/4 од 25.3.2025 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Катерина Новакова |
| ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ | 2. Адолесценцијата прикажана во романите за млади на Оливера Николова | 1902-71/16 од 19.3.2025 год. | Проф. д-р Јованка Денкова | Костадинка Витанова |